Согласно член 89 став 6 од Закон за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17) и член 4 од Правилникот за поблиски услови за запишување во евиденцијата на Локална акциона група, постапката за упис, потребната документација и начинот на водење на документацијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/13, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство објавува

**ЈАВЕН ПОВИК БР. 01/18**

**за запишување во евиденција на Локалната акциона група ( ЛАГ )**

## I.ПРЕДМЕТ

Предмет на овој Јавен повик е доставување на барања за запишување во евиденцијата на Локалната акциона група (во понатамошниот текст: ЛАГ), со цел поттикнување на локален развој на рурални средини, согласно член 89 став 6 од Закон за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17) преку мерките наменети за поддршка на:

- реализација на стратегии за локален развој на рурални средини,

- реализација на стратегии за рурален развој на единиците на локална самоуправа со седиште во рурална средина и

- работата на ЛАГ за развој на руралните средини и за вклучување на жителите на територијата на ЛАГ за развој на руралните средини.

## II. ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на учество имаат ЛАГ-овите основани како трговско друштво, задруга или здружение на граѓани или фондација основана за една територијална целина на една или повеќе рурални средини каде живеат не помалку од 5.000 жители и не повеќе од 100.000 жители.

ЛАГ се основа по пат на:

- здружување на две или повеќе рурални заедници кои катастарски граничат меѓусебе,

- здружување на две или повеќе општини кои се дефинирани како рурални средини и катастарски граничат меѓусебе и

- јавно-приватно партнерство меѓу општините, физички и правни лица или здруженија на граѓани со седиште на подрачјето на општините.

Еден субјект не може да биде член на повеќе од еден ЛАГ освен во случај на субјекти кои имаат, согласно со закон со кој се основани, регистрирани подружници со седиште на територијата за која е формиран ЛАГ-от.

Здруженија на граѓани за заштита на животната средина, земјоделските производители, младите и жените во руралните средини мора да се застапени со најмалку 50% во ЛАГ-от за развој на руралните средини.

## III. ПОБЛИСКИ УСЛОВИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО ЕВИДЕНЦИЈА НА ЛАГ

ЛАГ-от треба да ги исполнува следните услови за да биде запишан во Евиденцијата на ЛАГ:

- да има соодветна правна форма;

- да има соодветен сооднос помеѓу членовите на ЛАГ-от;

- да има соодветна опфатеност на територија и

- да има Стратегија на ЛАГ за локален развој на рурални средини.

- да има отворени и транспарентни постапки за донесување на одлуки;

- да има јасни правила и постапки за избор на своите членови и нивните права и обврски;

- да има јасни правила за почитување на ставовите на сите засегнати страни во подготовката на проекти и донесувањето на одлуки;

- да има тековни консултации со сите членови на ЛАГ-от;

- да има јасни правила и постапки за избор на најсоодветни лица за извршување на конкретни задачи;

- да има ефикасен начин за размена на информации и одлуки со сите заинтересирани страни за понатамошните чекори што ќе се преземаат;

- да има редовно известување за работењето и функционирањето на ЛАГ-от;

- да има редовно прегледување на извештаи за користење на финансиски средства, финансиски предвидувања и преглед на договори;

- да има поттикнување на вработените и членовите на ЛАГ-от за едукација и обука во потребните области;

- да има идентификување на ризици во областите кои би можеле да го загрозат функционирањето на ЛАГ-от, како што се финансиски средства, вработување итн.;

- да има стратегија на ЛАГ-от за локален развој на руралните средини и

- да има обучен управител, кој може да го организира работењето на ЛАГ-от, да го координира спроведувањето на Стратегија на ЛАГ за локален развој на рурални средини, да собира идеи за проекти предложени од страна на заинтересирани страни од територијата опфатена со ЛАГ-от, да подготвува проекти и управува со нивното спроведување и финансирање, да подготвува барања за исплата на трошоци и проверка на прифатливост на трошоците, да подготвува промотивен материјал за Стратегијата на ЛАГ за локален развој на рурални средини и го охрабрува локалното население да учествува во нејзиното дефинирање и спроведување, да врши комуникација и соработка со Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и други институции и да врши и други задачи доверени од страна на ЛАГ-от.

## IV. ПОСТАПКА ЗА УПИС ВО ЕВИДЕНЦИЈА НА ЛАГ

Барањето за упис во Евиденцијата на ЛАГ ги содржи следните податоци:

- Назив на субјектот (име на ЛАГ-от запишано во Централниот Регистар на Република Македонија);

- Адреса и седиште на субјектот;

- Даночен број на субјектот;

- Приоритетна дејност на субјектот;

- Број на членови на субјектот и

- Контакт (број на телефон, телефакс, електронска пошта).

Статус на ЛАГ-от се добива со запишување во евиденцијата на ЛАГ-от која се води во Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## V. ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

За упис во евиденцијата на ЛАГ-от кон барањето се поднесува следната документација:

- тековна состојба на ЛАГ-от издадена од Централен Регистар на Република Македонија;
- потврда дека правните лица членови на ЛАГ-от не се во постапка на стечај издадена од Централен Регистар на Република Македонија;
- потврда дека правните лица членови на ЛАГ-от не се во постапка на ликвидација издадена од Централен Регистар на Република Македонија;
- акт за основање на ЛАГ-от;
- статут на ЛАГ-от;
- одлука за формирање на управен орган на ЛАГ-от;
- регистар на членови и евиденција на членови на органите на ЛАГ-от;
- фотокопија од лична карта или фотокопија од патна исправа на членови на ЛАГ-от кои се физички лица;
- тековна состојба на членови на ЛАГ-от кои се правни лица;
- доказ за завршено образование на управителот на ЛАГ-от и
- стратегија на ЛАГ-от за локален развој на руралните средини.

## VI. РОК НА ДОСТАВУВАЊЕ НА БАРАЊЕ

Рокот за доставување на барањата е 45 дена од објавувањето на јавниот повик во дневен весник и на службената интернет страница на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Барањата кои нема да бидат доставени во предвидениот рок нема да бидат разгледувани.

## VII. НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО

Барањето од Дел I на овој Јавен повик се доставува во пополнет образец БАРАЊЕ за запишување во евиденција на Локалната акциона група ( ЛАГ ), кое се доставува во еден оригинален примерок заверен и потпишан од страна на одговорното лице на субјектот.

Барањето со документацијата се доставува во затворен плик преку пошта на адреса:

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, ул. Аминта Трети број 2, 1000 Скопје, или со предавање во архивата на министерството секој работен ден 9.00 до 15.00 часот.

На предната страна на пликот во горниот лев агол да пишува „ за Јавен повик 01/18 за запишување во евиденција на Локалната акциона група ( ЛАГ ) ".

За некомплетните барања до подносителот се доставува писмено известување за комплетирање на документацијата.

Подносителот ја доставува комплетираната документација во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето за комплетирање на документацијата.

Барањето за запишување во евиденција на ЛАГ-от може да се обезбеди преку интернет страната на министерството:

www.mzsv.gov.mk.

Тел: ++ 389 2 3 144 477 лок. 113

## VI. ПОСТАПКА И ОДОБРУВАЊЕ

Постапката за запишување во евиденција на ЛАГ-от ја спроведува комисија формирана од Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.